РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 04-85/16
15.02.20 21 год.
Василево

Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), Градоначалникот на општина Василево донесе:

**О Д Л У К А**

**за избор за унапредување на административни службеници по интерен оглас**

1.По интерниот оглас бр.01/2021 за унапредување на административен службеник во Општина Василево објавен на 01.02.2021 на веб страната на Општина Василево и Агенцијата за администрација, за работно место УПР 01 01 В02 000 Виш Соработник за финансиска контрола и финансиско управување, Одделение за финансиски прашња -1 извршител, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

**-Симона Стојанова**

2.Градоначалникот на општина Василево во рок од пет дена по конечноста на Одлуката ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На веб страната на Општина Василево и на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Општина Василево, во кој беше објавено работно место УПР 01 01 В02 000 Виш Соработник за финансиска контрола и финансиско управување, Одделение за финансиски прашња -1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното месо, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 04-85/12 од 05.02.2021 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви Записник заведен под бр.04-85/13 од 12.02.2021 година.

На ден 12.02.2021 година Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе интервју и состави Записник бр.04-85/14 од 12.02.2021 година и Финална ранг листа со интервјуираните кандидати со Предлог одлука за избор на прворангираните кандидати.

Согласно член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19 и 14/20)„Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник“.

Имајќи го во предвид наведеното, Градоначалникот на Општина Василево одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Општина Василево

Градоначалник

Марјан Јанев